# ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА ВО КУМАНОВО 10 ГОДИНИ МРЗНЕ ОТИ Е УКРАДЕН СИСТЕМОТ ЗА ГРЕЕЊЕ

856

21 ноември 2017

Куманово, (САКАМДАКАЖАМ.МК)




*Во зимските месеци поголем дел од просториите и салите Центарот за култура „Трајко Прокопиев" не работат, а се затоплуваат само канцелариите каде се вработените. Фоајето, ходниците, големата и малата сала, каде што се одржуваат културните настани и каде престојува публиката, се грејат само по потреба, но без ефект (Фото: СДК.МК)*

Центарот за култура „Трајко Прокопиев“ во Куманово повеќе од една деценија е без централно греење. Откако го украле системот за затоплување, кој бил во двор на друга институција, услови за работа во најзначајниот објект на културата во градот има само кога е топло. Во зимските месеци поголем дел од просториите и салите не се во функција, а се затоплуваат само канцелариите каде се вработените. Фоајето, ходниците, големата и малата сала, онаму каде што се одржуваат културните настани и каде престојува публиката, се грее само по потреба, но без ефект.

„11 години Центарот за култура, големата сала и некои придружни простории не функционираат од ноември до април.Тоа се 5-6 месеци во кои тие простори ги губиме и немаме можност да организираме ништо. Дури и кога работеше системот за затоплување, на ниските температури беше проблематично да се затопли големата сала, а да не зборам сега во оваа ситуација“, вели директорот Роберт Цветковски.

Покрај тоа што граѓаните цела зима немаат можност да присуствуваат на поголеми манифестации и концерти, голема штета трпи и Центарот за култура, бидејќи губи проекти и средства во најпродуктивниот дел од годината, особено за божиќните и новогодишните празници, кога најмногу се организираат и посетуваат културни настани.



*Ладно фоаје и ладни радијатори, вградени во 1980 кога е отворен домот. Крадци го украле котелот и целата инсталација, кои се наоѓале во дворот на црквата Свети Тројца, бидејќи парното греење служело за станбена зграда, трговското претпријатие СУМА и тогашниот Дом за култура. Во 2000 година станарите се откажале од заедничкото греење, трговското претпријатие пропаднало и греењето неколку години го користел само Центарот за култура. Бидејќи котларницата на нафта била оддалечена 100 метри од Центраот за култура некој преку ноќ го скршил катанецот и однел се што било вредно. Полицијата не ги открила крадците. Штетата била голема и Центарот не можел да го поправи системот, ниту да вгради нов. (Фото: СДК.МК)*

„ Од 150 до 200 илјади денари месечно или околу 1 милион денари имаме загуба само од тоа што не ја издаваме големата сала. Доаѓаат луѓе, сакаат да организираат некаква манифестација, но не можеме да ги пуштиме во ладна сала. Не е хумано, немаме основни услови за работа. Салата никогаш не ја фаќа сонце, ако надвор е -5 во салата е – 10 степени. Многу е ладно, да смрзне човек“, вели Цветковски.

Цветковски е назначен за в.д. директор пред неколку месеци, а во Центарот за култура како историчар на уметноста работи 28 години и одлично ги познава состојбите во институцијата. Вели дека единствено решение за проблемот е објектот да се приклучи на парно греење на гас, бидејќи сега трошат големи средства за греење на клими, греалки, термо печки и големи калорифери, а поголемиот дел од објектот е ладен. За намерата го известил Министерството за култура, а наскоро ќе изработи проект и очекува финсиска поддршка од министерството и Општина Куманово, за да се реши горливиот проблем.

„Секоја влада сака да направи некои промени и стратегии, па така и оваа. Меѓутоа, она што првично треба да се направи е во сите објекти во Република Македонија е да се среди инфраструктурата. Ние, за жал, ги немаме решено базичните работи. Тоа е греење, светлосен парк, озвучување, конфигурација на сцената на малата сала, на тетарската сцена, покривните конструкции. Дури потоа можеме да правиме проекти и култура“, вели Цветковски.

Додека да се реши проблемот со затоплувањето, дел од манифестациите се одржуваат во салата на Кумановскиот театар во друг објект, но нејзиниот капацитет е ограничен на 200 посетители, додека големата сала на Центарот на култура прима 675 посетители.

Центарот за култура „Трајко Прокопиев“ е изграден 1980 и зафаќа површина од 3.766 метри квадратни.Се наоѓа во центарот на градот и е најмаркантен објект на културата, кој сè повеќе пропаѓа поради негрижа на надлежните институции.

***С. НИКОЛИЌ***

**©SDK.MK Крадењето авторски текстови е казниво со закон. Преземањето на авторски содржини (текстови и фотографии) од оваа страница е дозволено само делумно и со ставање хиперлинк до содржината што се цитира**

Најчитани


АЗИЛАНТСКА ПЛАТА


ГЕРМАНЦИТЕ ГО ЧИСТАТ ОХРИДСКО ЕЗЕРО, ИЗВАДЕНИ СКЕЛЕТИ ОД РИБИ И ПТИЦИ ОД РИБАРСКИ МРЕЖИ СТАРИ И ДО 40 ГОДИНИ


ПЕПЕЛТА НА ГОРАН СТЕФАНОВСКИ ЌЕ БИДЕ РАСФРЛАНА ВО ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО